Женска обредна поворка „Водичарки“ од селото Беранци прогласена е за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, со одлука на Владата на Р.С.Македонија во Службен весник од 22 јули 2019.

Нематеријалното фолклорно добро „Водичарки“ се фолклорно добро од типот на народна музика и танци, подгрупа на народни танци, тип на обредни ора, поттип на женски поворки. Водичарките се автентични и не се среќаваат на друго место во државата. Нивниот танц и обредните песни се карактеристични и се практикуваат за празникот Богојавление. Сега со прогласувањето за културно наследство им се овозможува создавање на услови за опстанок на обредот кој во себе ги обединува црковните и народните обичаи

Како што е познато селото Беранци е едно од ретките места во Македонија, а можеби и единственото, каде по повод големиот христијански празник Водици се практикува овој уникатен обичај наречен „Водичарки“. Водичарките се женска група составена од непарен број на млади девојки (7 или 9) облечени во празнична носија и групата ја предводи главната водичарка. Во групата има и две момчиња.Водичарките прво присуствуваат во црковната служба во манастирот Св.Јован Крстител и со икони во рацете со свештеникот ја обиколуваат црквата. Потоа го обиколуваат и селото и ги пеат водичарските песни во изворна форма како што пред нив ги пееле нивните баби и прабаби собирајќи дарови и пари. Со собраните дарови и пари купуваат вино за празникот Цветници и на овој ден организираат забава. Ваквиот обичај со векови се пренесува од генерација на генерација. Меѓутоа заради сегашната состојба со пандемијата и оваа година овој обичај нема да се одржи.










МОГИЛА